# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ИНТЕРНА СКРИПТА „ТРАНСПОНИРАЊЕ“ ОД Д-Р НЕВЕНКА ДУКОВСКА, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Интерната скрипта од вежби со наслов *„Транспонирање“* е учебно помагало приспособено за студентите кои го изучуваат предметот Пијано и корепетиција, на Вокално-инструменталниот оддел, според ЕКТС - програмата на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Според обемот, компјутерски обработениот материјал содржи 29 страници. Овој обем соодветствува на новиот концепт на образование и според фондот на часови (2+2 и 1+2) концентрирани во два семестра V и VI или VII и VIII, но во зависност од индивидуалните способности на студентот. Скриптата со вежби може да послужи и за понапредни студенти од МТП одделот а Факултетот за музичка уметност.

Скриптата содржи: нотни примери и вежби за транспонирање, истата е и еден вид продолжение на I дел, каде што се разгледува само прима виста на нотен текст. Скриптава е со намена да послужи за средно и високо образование, каде што се изучува прима виста, корепетиција и пијано.

Материјалот е структуриран во три тематски целини:

1. Транспонирање на мелодија
2. Вежби за полесно транспонирање
3. Транспонирање на Це-клуч (алт и тенор).

Тематските содржини на целините се со јасно издвоени наслови и нотни примери.

Во скриптата се зададени нотни примери и се избрани вежби од пијанистичката и корепетиторската литература со цел да се помогне во наставниот процес на наставата по пијано и корепетиција на Вокално-инструменталниот оддел при полесно транспонирање на нотен текст.

Во **првата тематска** содржина е опфатено општо за транспонирање на мелодија, способност за совладување и читање на нотниот текст во различни тоналитети.

Совладувањето на техниката на транспонирање е од особено значење за овој профил на студенти. Многу се случаите во музичката пракса, кога е неопходно пијанистот да придружува некој инструменталист, а особено кога станува збор за соработка со соло пеење многу често му се налага на пијанистот да транспонира дадена композиција. Исто така се налага и при работа со хор, со непрофесионалци или кога пијаното е во поразличен штим (пониско или повисоко). Многу неопходно е да се открие како се едуцираат идните пијанисти, кои задолжително во својот професионален развој барем еднаш стануваат дел од камерен состав, да се развие што повеќе внатрешниот слух, балансирање на звукот и постигање на синхрон при свирење во ансамбл.

Секој нов тематски материјал е придружен со конкретни примери од клавирската литература, што овозможува непосредна примена на теориските сознанија во практиката.

**Втората тематска** целина се однесува на еден многу важен дел за изградба на еден пијанист – *Вежби*. Овие вежби се со цел за развивање на вештини за полесно читање на нотен текст во друг тоналитет, способност за совладување на секакви интерпретаторски вештини и способност за развивање на слушни вештини при свирење во ансамбл.

Целта на оваа скрипта е да се следи педагошкиот аспект - како да се воспитуваат студентите по пијано, во поглед на збогатување со вештини во побрзата индивидуална подготовка на студентот преку вежби. Воведување на основните навики за брзо учење на нови, непознати дела во нов тоналитет и лесно разбирање на современите техники.

Скриптата ја третира техниката на транспонирање и се состои од дидактички цели и бидејќи учебниот метод претставува последователен начин на совладување на материјалот, вежбите се претставени во две интерни скрипти.

Во **третата тематска** содржина - *Транспонирањето на Це-клуч* овде е претставено како посебна област за изучување, да помогне за целосниот развој на колаборативните

вештини кај пијанистот. Солистичките партии за жичени и дувачки инструменти се нотираат на алт, тенор и бас клуч.

Алт – клуч се користи за нотирање на инструментите: виола и тромбон.

Тенор – клуч се користи за нотирање на инструментите: виолончело, контрабас, фагот и тромбон.

За да можат пијанистите да ги следат „читаат" солистичките партии на овие инструменти, при придружба на кој било од нив, неопходно е пијанистот да ги познава добро и слободно да чита во овие клучеви. Целта на скриптата е пијанистот да се запознае со основните принципи на транспонирањето и постепено да ја развие способноста да транспонира.

Избрани се дела од различен жанр и за различни инструменти, за да можат студентите поподробно да се запознаат не само со стилот, туку и со жанрот. Методско-дидактичките упатства се дополнети и со нотни примери поради поегзактна примена во практичната употреба.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Скриптата е наменета исклучиво за јакнење на професионалните капацитети кај младите пијанисти и развивање на способност за брзо совладување на нов нотен текст, во различен тоналитет. Примената и во пракса ќе биде од голема помош во подигнување на професионалното ниво. Со помош на овие вежби за транспонирање, од страна на пијанистот/студент, се овозможува побрз развој на оваа вештина кај студентот и секако разнообразие во работата и програмата. Токму поради постигнување на една побогата и комплексна педагошка насоченост, во скриптава е направен обид за придонес кон пијанистичката техника за транспонирање.

Ракописот на авторката д-р Невенка Дуковска во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**М-р Ангеле Михајловски, вонреден професор, с.р.**
**М-р Наташа Трбојевиќ, доцент, с.р.**